## *Вовед*

*Во текот на 2000-та година продолжија реформските активности во македонското банкарство и неговата институционална рамка, насочени во правец на изградба на здрав, стабилен и ефикасен банкарски систем кој треба да биде гаранција за стабилен и одржлив развој на македонската економија. Во таа смисла, посебно треба да се истакне донесувањето на новиот Закон за банките со кој е остварено понатамошно усогласување на законската регулатива со Европските Директиви од областа на банкарството и т.н. 25 Основни принципи за ефикасна банкарска супервизија. Со имплементацијата на овој Закон и соодветните подзаконски акти се очекува:*

- *зголемување на привлечноста на банкарскиот систем на Република Македонија за странски инвестиции, особено од страна на странски банкарски институции;*
- *зајакнување на прудентните стандарди и практики во работењето на банките;*
- *зајакнување на корпоративното управување во банките и зголемување на ефикасноста во банкарското работење;*
- *зајакнување на банкарската супервизија, особено во доменот на корективните активности кои се преземаат спрема банки со констатирани проблеми во своето работење кои ја загрозуваат нивната стабилност и сигурност.*

*Врз основа на донесениот Закон за банките, во втората половина од 2000-та година се презедоа интензивни активности за ревидирање на подзаконската супервизорска регулатива во правец на нејзино усогласување со Базелските супервизорски стандарди.*

*Исто така, во доменот на регулативната рамка на банкарскиот и финансискиот систем во целина значајно е да се спомене донесувањето неколку мошне значајни законски решенија како што се: Законот за хартии од вредност, Законот за Фондот за осигурување на депозити, Законот за договорна хипотека и Законот за изменување и дополнување на Законот за извршна постапка.*

*Новиот Закон за банките, заедно со останатите законски решенија од оваа област, креира солидна основа за унапредување на состојбите во банкарскиот и вкупниот финансиски систем на Република Македонија и зголемување на довербата на граѓаните во домашното штедење. Ефикасното искористување на домашното штедење преку интермедијаторската функција на банкарскиот систем, дава силен импулс на растот и развојот на секоја национална економија. Оттука, успешното спроведување на реформите во банкарскиот систем е еден од столбовите на успехот на реформите на македонската економија и општеството во целина.*

*Како резултат на спроведените реформски зафати во делот на банкарството, засилените супервизорски стандарди и активности, стабилниот макроекономски амбиент, како и натамошното заживување на стопанството, банките во Република Македонија во текот на 2000-та, оствариja тренд на подобрување на вкупните перформанси во работењето. Така, подобрување се забележува во однос на еден од основните проблеми со кој се соочуваат банките во своето работење, нивото на кредитни пласмани со висок ризик. Во текот на 2000-та година, основните индикатори за квалитетот на активата на банките бележат тренд на подобрување, што на крајот од 2000-та година резултира со нивно приближување до нивото од пред Косовската криза, која го прекина позитивниот тренд забележан во претходните години. На крајот од 2000-та година, учеството на пласманите класифицирани во ризични категории В, Г и Д изнесува 34,8% од вкупната кредитна изложеност што е 10 процентни поени помалку во однос на максималното ниво кое беше достигнато непосредно по Косовската криза. Треба да се истакне дека ваквиот тренд на подобрување на кредитното портфолио на банките во текот на 2000-та година е остварен во услови на зголемување на кредитните пласмани од 10,5%, што индицира подобрување на интерните кредитни процедури и практики на банките.*

*Мошне значајно обележје на банкарскиот систем на Република Македонија во текот на 2000-та година е влезот на странски стратешки инвеститори во неколку македонски банки. Вкупниот износ на странски капитал вложен во текот на 2000-та година изнесува 216,7 милиони германски марки, од кои 97,3 мил. германски марки се вложувања за докапитализација на банките, додека останатиот дел странските инвеститори го искористија за откуп на акциите од постојните акционери. Со тоа, 2000-та година беше одбележана како година со највисоки странски инвестиции во банкарскиот систем од осамостојувањето на Република Македонија наваму.*

*Остварената докапитализација на банките во текот на 2000-та година придонесе кон понатамошно јакнење на нивната солвентна позиција. Имено, стапката на адекватност на капиталот на македонските банки на 31.12.2000 година изнесува 36,7% што е за 8 процентни поени повеќе во однос на истиот период од претходната година. Ваквата солвентна позиција на македонските банки го релативизира високиот кредитен ризик изразен преку високото ниво на лошите пласмани на банките и е гаранција за нивната сигурност и стабилност.*

*Исто така, во текот на 2000-та година дојде до подобрување на ликвидносната позиција на банките, што е резултат пред се, на докапитализацијата на банките и зголемувањето на нивниот депозитен потенцијал. Тука посебно треба да се истакне порастот на депозитите на население од 41% што укажува на постепено враќање на довербата на граѓаните во банките во Република Македонија. За ова во голема мера придонесе новото законско решение во однос на осигурувањето на депозитите, зајакнатата банкарска супервизија како и преземените конкретни чекори за решавање на проблемот на старото девизно штедење*

*на граѓаните преку издавање на државни обврзници и во еден дел нивна предвремена исплата.*

*Ова зборува дека реформите што се преземаат во банкарскиот систем во Република Македонија и влегувањето на значајни странски инвестиции во банките, се реална претпоставка дека во скора иднина може да се очекува поефикасен банкарски систем со поголема доверба на граѓаните во домашното штедење. Тоа треба да овозможи натамошно намалување на каматните стапки и обезбедување на поголем и поевтин кредитен потенцијал за поддршка на развојот на македонската економија.*